ЈПК"Брегалница"-Делчево
Бр. 0102-104/1
18.03.2022 год.
Д Е Л Ч Е В О

Архив. знак 0102
Рок на чување трајно
18.03.2022 год.
Потпис.

ЈКП БРЕГАЛНИЦА
Д Е Л Ч Е В О

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА
# НА ЈКП"БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО
# ЗА 2021 ГОДИНА

**Делчево**
**Март 2022**

## - ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Решение бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година донесено од Собрание на Општина Делчево како Установа за комунални услуги и е запишано во Судскиот регистар со Решение на Окружниот стопански суд во Штип Ус. Број 122/66 од 22.12.1966 година.

Со Одлука на Собранието на Општина Делчево број 0101-924 од 27.11.1989 година ЈКП Брегалница-Делчево е организирано како јавно претпријатие за комунални дејности.

Статутот на ЈКП"Брегалница"-Делчево со арх.број 0101-121/1 од 19.04.2019 година е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на ден 19.04.2019 година а Советот на Општина Делчево има дадено согласност на истиот со Одлука бр.09-1049/1 од 07.06.2019 година.

## - ДЕЈНОСТ

Јавното комунално претпријатие "Брегалница"-Делчево е основано заради вршење на дејност од комуналната област која е од јавен интерес.

Јавното претпријатие дејноста ја врши трајно и без прекин а неговата работа е јавна и транспарентна и претставува незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Делчево.

Јавното комунално претпријатие "Брегалница"-Делчево врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за управување со отпадот, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност на претпријатието е:

- Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

- одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
- собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
- расчистување на диви депонии во градот и руралните населби;
- изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализацинона мрежа и друг вид на јавна инфраструктура;
- чистење и метење на улици и јавни површини;
- одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
- одржување, уредување и управување со градски гробишта;
- одржување на градски зелен пазар под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија;
- одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево;
- крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.

## -ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

1.Сектор за Општи и правни работи;
2.Сектор за Финансии, сметководство и комерција
3.Сектор за Водовод и канализација;
4.Сектор за Комунална хигиена;
5.Сектор за Градско зеленило и гробишта.

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:

- Управен одбор;
- Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;
- Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈКП "Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2021 година изнесува 87 вработени во редовен работен однос и 3 привремени работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

## -РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПО РАБОТНИ ЕДИНИЦИ ВО 2021 ГОГИНА

## СЕКТОР ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

Согласно планираните активности во Програмата за работа за 2021 година овој сектор во извештајниот период ги има извршено сите тековни работи околу правилно и законско функционирање на целокупното работење на претпријатието, како и сите правни и административно-технички работи (следење на законските прописи, подготвување и усогласување на општите акти, архивирање, евиденција и средување на актите и др.)

Во делокругот на оваа работна единица спаѓа и подготовка на материјали за седниците на Управниот и Надзџорниот одбор, изготвување записници од седници и одлуки и други акти.Во 2021 година одржани се вкупно 21 седници на Управниот одбор на ЈКП Брегалница-Делчево и 4 седници на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето во текот на 2021 година преземени се сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците на услуги, односно изготвувани и доставувани се редовно опомени и предупредувања за долг и до надлежните Нотари поднесени се вкупно 114 предлози за донесување на решенија врз основа на веродостојна исправа.

## СЕКТОР ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Во текот на 2021 година покрај тековните работни активности кои се состојат од изготвување на финансиски планови и анализи за работата на претпријатието, реализација на побарувањата и обврските, изготвување на прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период, ажурирање и точно водење на податоците и вршење на наплата на услугите кои ги дава претпријатието преку службата на инкасатори, во рамките на оваа работна единица во 2021 година изготвени се периодични (тримесечен, шестмесечен и деветмесечен) извештаи за финансиското работење во 2021 година како и Годишен финансиски извештај за работата за 2020 година како и Годишна сметка за 2020 година и истите се усвоени од Надзорниот и Управниот одбор на претпријатието како и од Советот на Општина Делчево.

Во 2021 година продолжено е со ажурирање на податоците за корисниците на комунални услуги од страна на екипи составени од вработени и овој процесс ќе продолжи во текот на целата наредна година.

Исто така во 2021 година во рамките на Проектот за водоснабдување на Делчево финансиран од Швајцарската влада направена е уште една нова надградба односно инсталирана е нова подобрена верзија на софтверот за финансиското работење и на наплатата со што ќе се овозможи подобра и поточна евиденција на финансиските податоци поодделно по работни единици и дејности.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОРИ ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ, ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА ВО 2021 ГОД.

| Р.бр. | Опис на набавка | Количина | Ед.цена во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Систем за видео надзор | 1 | 15.850,00 |
| 2 | Печатач | 1 | 7.048,00 |
| 3 | Компјутер | 1 | 12.095,00 |
| 4 | Ладилник | 1 | 7.500,00 |
| 5 | УПС батерија | 1 | 10.297,00 |

## СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Во 2021 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 565.902 $м^3$ вода.

Главни носители на потрошувачката се домаќинствата до кои се дистрибуирани и фактурирани вкупно 516.075 $м^3$ вода или 91%, а до правните лица дистрибуирани и фактурирани се 49.827 $м^3$ или 9% од вкупно фактурираната вода.

Во 2021 година од домаќинствата и правните лица преку јавниот канализационен систем се одведени и фактурирани вкупно 504.101 $м^3$ урбани отпадни води.

Од домаќинствата се одведени вкупно 450.546 $м^3$ урбани отпадни води или 89% од вкупно фактурираната канализација а од правните лица одведени се 53.555 $м^3$ урбани отпадни води или 11%.

Работната единица Водовод и канализација во извештајната 2021 година ги има извршено следните редовни (тековни) работни активности:

- Отклонети се вкупно 82 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф450=1; ф400=1; ф315=1; ф225=2; ф110=20; ф90=25; ф63=20 и поцинковани линии ф63=5 и ф50=7;

- Извршени се вкупно 110 интервенции на разводна мрежа во градот и селските населби претежно на поцинковани линии како и на ПЕ црева со пречник ф32, ф25 и ф20 најчесто пред водомерите и во водомерните шахти;

- Извршена е санација или целосна замена на вкупно 8 главни вентили во главни водоводни шахти;

- Извршена е замена на вкупно 150 неисправни водомери;

- Извршени се 58 нови приклучувања на нови потрошувачи.

- Во тековното работење околу одржувањето на канализацијата извршено е санирање на 32 канализациони шахти;

- Извршени се вкупно 35 интервенции на отпишување на запишени канализации на главни линии;

- Одговорено е на вкупно 40 повици од правни и физички лица за отпишување на приватни канализациони линии.

Покрај редовните и тековни активности, во 2021 година се извршени и следните активности:

**с.Работивиште**

-Изградба на нова водоводна линија во должина од 265 метри со ПЕ црево ф110 со што е извршена замена на старата азбестна линија ф125 и замена на старите дотраени индивидуални приклучоци;

-Изградба на нова водоводна линија со пречник ф32 од ПЕ црево во должина од 70м1 со што е извршена замена на старата поцинкована линија ф32 И замена на старите индивидуални приклучоци.

**Населба Пролет**

- Изградба на нова водоводна линија ф110 во вкупна должина од 250 метри со изградба на две нови водоводни шахти со вградување на 2 главни вентили ф110.

**Улица Орце Николов**

- Изградба на нова водоводна линија ф110 во вкупна должина од 500 метри со изградба на девет нови водоводни шахти со вградување на 9 главни вентили ф110, со што е заменета старата азбестна линија ф125.

**Пустевски ендек**

-Изградба на дел од фекална канализација со коругирани цевки ф250мм и изработка на монтажни шахти ф500мм, во должина од 36м1;

**с.Звегор**

-Изградба на канализациона линија ф200 во с.Звегор во должина од 120м1, со изградба на 5 канализациони шахти;

**Нас.Таушанско маало**

-Изградба на канализациона линија ф200 во населба Таушанско маало во должина од 80м1 со изградба на 4 канализациони шахти;

**с.Полето**

- Довршување на дел од фекална канализација со коругирани цевки ф200 во должина од 38м1 со изработка на армирано бетонска канализациона шахта со ливено железен капак.

**с.Габрово**

- Изградба на фекална канализација со коругирани цевки ф200мм во должина од 270 м1 со изработка на 8 армирано бетонски канализациони шахти со ливено железен капак и изградба на армирано бетонска шахта за приклучок на постоечка фекална канализација;

**Нов градски Пазар**

- Изградба на фекална канализација со коругирани цевки ф250мм за приклучок на парцели во должина од 32м1 со пробивање на колекторска шахта и приклучок на новоизведената фекална канализација;

- Изградба на атмосферска канализација со коругирани цевки ф315мм за приклучок на парцели и сливници од новопроектирана улица покрај нов градски пазар во должина од 47м1 и одведување до речно корито на река Брегалница со изградба на армирано бетонска шахта за атмосферска канализација со армирано бетонска плоча и ливено железен капак;

- Изработка на армирано бетонска шахта со ливено железен капак врз постоечка атмосферска канализација ф400мм и поставување цевки за приклучок на сливници од улица со пречник ф250мм во должина од 40м1 и ф200мм во должина од 8м1;

-Замена на оштетени цевки за атмосферска канализација ф400мм и фекална канализација ф315мм во должина од 6,5 м1.

## ГРАДЕЖНА ГРУПА ВО СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Градежната група во рамки на Секторот Водовод и канализација во текот на 2021 година ги има реализирано следните активности:

-Поставување на улични рабници кај Градска капела - Грдаски гробишта Делчево во должина од 16м1;

-Изградба на тротоари и пристапни улици во населба 3-ти реон (ул. Острец и ул.Плачковица) од бекатон плочки со дебелина 6цм во вкупна површина од 165м2;

-Изградба на мини парк на ул.М.Тито наспроти ресторан Трла;

-Реновирање на градска фонтана кај старо пазариште (кај врбата) и уредување на просторот околу неа;

-Реновирање на селски чешми во с.Звегор, с.Град, с.Вирче, с.Стар Истевник и с.Габрово;

-Изградба на пристапна патека од бекатон плочки во површина од 120м2 која ги поврзува улиците Првомајска и Партизанска во нас.Милково Брдо;

-Изградба на пристапна патека од бекатон плочки кај улица Кочо Рацин, нас.Милково Бродо во површина од 90м2;

-Изградба на пристапна патека од бекатон плочки помеѓу улица Македонска и улица Ѓорче Петров, нас.Милково Бродо во површина од 190м2;

-Изградба на лев крак на улица Острец со поставување на бекатон плочки во површина од 107м2;

-Изградба на дел од улица Илинденска со поставување на бекатон плочки d=8cm, во површина од 60м2;

## ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА 2021 ГОД.

| Р.бр. | Опис на набавка | Количина | Ед.цена во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Машина за сечење на асфалт | 1 | 121.500,00 |
| 2 | Комплет нивелир | 1 | 15.800,00 |
| 3 | Вибро жаба | 1 | 120.000,00 |

**СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е неделен распоред за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево, приградските населби (Ѕвегорска река и Басарица) и селата Габрово, Ѕвегор, Полето, Град, Трабroom Работивиште и Разловци како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со четири специјални товарни возила за собирање на отпад и тоа

- RENAULT D
- IVECO 70 C 18H WX
- IVECO DAILY 65 C 15/35
- DAIMLER BENZ 2222

како и со два трактори со приколка:

- Трактор со приколка IMT 539
- Трактор со приколка IMT 565

Во 2021 година во рамките на проектот за отварање на регионална депонија за источно планскиот регион од страна на Министерството за животна средина ни е доделено едно специјално возило за собирање на отпад марка IVECO 70 C 18H WX со капацитет од 14м3 и доделени ни се 169 метални контејнери од 1,1м3 за собирање на отпад.

Исто така во 2021 година од сопствени средства ЈКП Брегалница-Делчево набави ново специјално возило за собирање на отпад марка RENAULT D со капацитет од 14м3.

Во извештајниот период (во 2021 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од околу 4000 домаќинства и од 320 правни лица во вкупна количина од 6.500 тони или 541 тони месечно.

Од правните лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 160 тони или во просек по 13,3 тони индустриски отпад месечно.

Покрај редовното собирање на комуналниот отпад се врши и повремено собирање и депонирање и на отпадот од Баткова чешма и од планината Голак на спортските терени а особено за време на одржување на Голачките Фолклорни средби кај бината каде што се одржува настанот.

Исто така редовно (два пати месечно) се вршеше и собирање на комуналниот отпад од Граничниот премин врз основа на склучен договор со Царинската Управа на РСМ.

Во есенските месеци Октомври, Ноември и Декември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од дворните места во градот Делчево, населба Звегорска река и Басарица со два камиони (FAP 1314 и MAN) и еден трактор и тоа по 3 до 4 повторувања на целиот терен.

На неколку наврати извршено е и целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер BNT 105 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад, а извршено е и опесочување на истата со околу 80м$^3$ песок и шлунак.

Како на самата депонија исто така во неколку наврати е извршено санирање на самиот пат Делчево-Острец од причини што не е асфалтиран и постојано се оштетува а кој посебно ни прави проблем во зимските месеци при појава на снежни врнежи.

Во извештајниот период покрај редовното собирање на комуналниот отпад од домаќинствата и правните лица извршени се и следните активности:

-Чистење на дива депонија покрај патот за градска депонија Острец;

-Чистење на дива депонија кај тениското игралишта кај градски стадион Делчево;

-Чистење на дива депонија меѓу 2-ри и 3-ти реон во два наврати;

-Чистење на дива депонија на пат за Голак над Градските гробишта лево и десно од патот за Голак;

-Чистење на дива депонија во Црквенски ендек;

-Чистење на дива депонија во Очипала;

-Чистење на депонија за инертен отпад (градежен шут и растителен отпад) Ралова чука (4 пати);

-Чистење на дива депонија под градски гробишта;

-Чистење на дива депонија кај мостот на река Брегалница на ул.Индустриска (долен мост) од двете страни на реката Брегалница;

-Чистење на коритото на река Брегалница и река Габровчица од наноси и талог;

-Чистење на диви депонии во с.Град, с.Тработивиште и с.Разловци;

-Чистење на дива депонија десно од патот Делчево-Берово кај село Град

-Чистење на дива депонија лево од патот Делчево-Берово меѓу село Стамер и село Град (кај место викано Умин дол);

-Чистење на дива депонија кај место викано Попов мост;

-Чистење на диви депонии во с,Вирче кај место викано Блато и кај Виречки пре́од;

-Чистење на селските енедци во с.Стамер и с.Габрово.

Во соработка со Центарот за управување со кризи и Кризниот Штаб при Општина Делчево помеѓу другите активности се издвојуваат:

-Во месец јануари 2021 година поради опасност од поплави со градежна механизација, камион и трактор беа чистени каналите (селските ендеци) во с.Габрово, с.Вирче, с.Стамер каналот во населба Звегорска река како и дел од корито на река Желевица во с.Тработивиште:

-Од 02.08.2021 до 10.08.2021 г. ЈКП Брегалница со две градежни машини ровокопачи утоварачи, едно теренско возило УАЗ , камион и десетина вработени секојдневно активно учествуваше во гасењето на шумскиот пожар кај с.Истевник

## ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА ВО 2021 ГОД.

| Р.бр. | Опис на набавка | Количина | Ед.цена во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | IVECO 70 C возило за собирање на отпад со капацитет 4м3 (донација) | 1 | 5.170.016,00 |
| 2 | RENAULT D возило за собирање на отпад со капацитет 14м3 | 1 | 5.990.000,00 |

## СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА

Секторот за одржување на паркови и зелени површини во извештајниот период ги има извршено следните редовни (тековни) работни активности од својот делокруг на работа:

Одржувањето на парковите и јавните зелени површини е примарна активност на оваа работна единица и опфаќа: машинско и рачно косење на трева, гребулење, собирање и изнесување на тревата и друг отпад, садење на сезонско цвеќе, поправка и одржување на парковски клупи и реквизити, полевање на тревата и цвеќињата во летниот период, кроење на украсни дрвца и грмушки, кастрење на суви гранки и сл.

### МАШИНСКО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. м2 | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Триаголници кај семафорите и кај споменикот на Гоце Делчев | 400 | 28 | 11200 |
| 2 | Парк пред комплекс Делчевчанка | 200 | 26 | 5200 |
| 3 | Парк пред Стопанска банка | 250 | 28 | 7000 |
| 4 | Жардинерии на ул.Булевар Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 2000 | 19 | 3800 |
| 5 | Жардинерии на ул.Булевар Македонија (од семафори до с.Звегор) | 2000 | 13 | 2600 |
| 6 | Жардинерии на ул.М.Тито | 2000 | 23 | 4600 |
| 7 | Жардинерии на ул.М.М.Брицо | 2000 | 26 | 5200 |
| 8 | Градски парк пред спомен дом АСНОМ | 7500 | 25 | 187500 |
| 9 | Парк со езерца пред споменикот на Гоце Делчев | 4500 | 26 | 117000 |
| 10 | Парк на Кеј на Ослободувањето | 10000 | 25 | 250000 |
| 11 | Детски игралишта (Милково Брдо, старо Пожарно и Стрелиште) | 840 | 8 | 6720 |
| 12 | Мини парк на ул.Питу Гули | 200 | 6 | 1200 |
| 13 | Градски Стадион | 6050 | 23 | 139150 |
| 14 | Лево и десно од пешачката стаза од стар Монопол до с.Звегор | 5000 | 1 | 5000 |
| 15 | Градски гробишта (стари, средни и горни) | 2000 | 6 | 12000 |
| 16 | Мини парк кај Старо пазариште (пред Жито маркет и кај фонтана) | 350 | 26 | 9100 |
| 17 | Мини парк на ул.М.Тито (спроти ресторан Трла) | 200 | 26 | 5200 |

## РАЧНО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА СО ТРИМЕР

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. $м^2$ | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косините лево и десно од мостот на река Брегалница (под стоковната куќа Пела и под црквата Св. Кирил и Методиј) | 10000 | 8 | 80000 |
| 2 | Кеј на река Брегалница | 10000 | 13 | 130000 |
| 3 | Корито на река Габровчица | 10000 | 6 | 60000 |
| 4 | Триаголник на спој на ул.В.Влаховиќ и ул. Македонска | 150 | 3 | 450 |
| 5 | Триаголник на ул.Пере Тошев | 150 | 3 | 450 |
| 6 | Триаголник на спој на ул. Пере Тошев, ул.В.Јоциќ и ул.Македонска | 150 | 3 | 450 |

## ГРЕБУЛЕЊЕ, СОБИРАЊЕ И ИЗНЕСУВАЊЕ НА ТРЕВА И ДРУГ ОТПАД

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. $м^2$ | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење и чистење на зелена површина на ул. Пере Тошев | 1000 | 1 | 1000 |
| 2 | Странично чистење на ул.Острец, ул.Солунска, ул.М.М.Брицо и дел од ул.Скопска | 4000 | 2 | 8000 |
| 3 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 4000 | 2 | 8000 |
| 4 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од семафори до с.Звегор) | 4000 | 3 | 12000 |
| 5 | Чистење на ендек во Расадник и дел од ул.М.Тито и ул. Индустриска (околу Ветеринарна станица) | 1500 | 2 | 3000 |
| 6 | Странично чистење на ул.8-ми Септември | 1000 | 1 | 1000 |
| 7 | Чистење на просторот околу трансформатор во Милкво Брдо | 1000 | 1 | 1000 |
| 8 | Чистење на просторот пред маркет Жито | 100 | 4 | 400 |
| 9 | Странично чистење на ул.С.Марковиќ | 1000 | 3 | 3000 |
| 10 | Чистење на просторот околу детска градинка и автобуска станица | 1000 | 3 | 3000 |
| 11 | Странично чистење на дел од ул.Индустриска (од мостот на река Брегалница до ул.Бул.Македонија) | 1200 | 2 | 2400 |
| 12 | Чистење на просторот и косината над гимназијата М.М.Брицо | 600 | 3 | 1800 |
| 13 | Чистење на косината над ресторант Трла | 200 | 2 | 400 |

## САДЕЊЕ НА СЕЗОНСКО ЦВЕЌЕ

| Р. Бр. | Локација-место | Ед, мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Градски парк пред Спомен-дом АСНОМ, Парк со Езерца, Парк пред Стопанска Банка, Парк пред комплекс "Делчевчанка", Парк на Кеј на Ослободување, Мини парк кај Старо пазариште и жардинерии на М.М.Брицо | Парче | 7100 |

Одржувањето на јавната чистота односно секојдневното метење на улиците и тротоарите по претходно изготвен План за собирањето на отпадоци од јавните површини е исто така една од редовните активности на ова работна единица.

## МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

| ДЕН | РЕОН - УЛИЦИ | Површ. $м^2$ | Повторување |
|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | Градски парк АСНОМ, паркинг пред собрание, ул.С.Марковиќ и ул.М.М.Брицо (од мостот до семафорите), ул.М.Тито и Градски пазар | 11.000 | 52 |
| ВТОРНИК | Градски полигон, ул.Кеј на Ослободување, парк во Ново Делчево, парк Езерца и двоен терен за тенис кај стадионот и ул.Н.Ј.Вапцаров | 9.800 | 52 |
| СРЕДА | Ул.М.М.Брицо (од старо Собрание до семафори), ул.Бул.Македонија (од семафори до Скопјанка) | 5.200 | 52 |
| ЧЕТВРТОК | Ул.Бул.Македонија (од семафори до МВР), ул.М.Тито (од мосто до Хотел Македонија) и ул.С.Марковиќ | 6.200 | 52 |
| ПЕТОК | Ул.М.М.Брицо (од семафорите до МВР), ул.С.Марковиќ и ул.Н.Ј.Вапцаров и Градски пазар | 6.000 | 52 |
| САБОТА | Градски пазар | 1.800 | 52 |

Покрај редовните активности во 2021 година оваа работна единица ги има извршено и следните дополнителни активности:

- Хортикултурно уредување и оплеменување со засадување на зимзелени украсни дрвца во мини парк спроти ресторан Трла и кај градска фонтана;

- Хортикултурно уредување и оплеменување на просторот околу споменикот на Н.Ј.Вапцаров пред Спомен-домот АСНОМ, обогатено со цветен аранжман околу споменикот;

- Хортикултурно уредување и оплеменување со сеење на трева и засадување на зимзелени украсни дрвца на просторот пред Градска капела;

- Чистење на просторот од двете страни на пешачката патека од Делчево до с.Звегор (чистење од растителен отпад, кастрење на диви гранки, косење на трева со тримерки и собирање отпадоци);

- Чистење на ендекот помеѓу 3 реон и Стар расадник од растителен и друг вид на отпад;

- Чистење на просторот од двете страни на улица Маршал Тито од касарната до населба Стрелиште (чистење на растителен отпад, кастрење на диви гранки и грмушки, косење на трева со тримерки и собирање на отпадоци);

- Косење на просторот позади детската градинка "Весели Цветови";

- Косење на трева и чистење на просторот позади трибини на Градски стадион;

- Засадени се вкупно 500 зимзелени и листопадни украсни дрвца на разделот на коловозот на Булевар Македонија од семафорите до бензинска на ОИЛ ДЕ;

- Поставување на нов систем за наводнување (капка по капка) на зелени површини и украсни дрвца на разделниот појас на Булевар Македонија од семафори до бензинска станица ОИЛ ДЕ.

- Поставување на нов систем за наводнување (капка по капка) на зелени површини и украсни дрвца во жардинериите на улица М.М.Брицо (од семафори до мостот на река Брегалница) и на улица М.Тито кај Хотел;

- Извршено е по налог на комунален инспектор сечење на гранки на повеќе локации во градот (Бул.Македонија, ул.М.М.Брицо, ул.Кеј на Ослободување и во нас.Милково Брдо);

- Чистење и косење трева на двор на Гранична полиција и на двор на АВРМ;

- Косење на трева и чистење на просторот околу бината и манастирот Св.Пантелејмон на планината Голак;

- Чистење и косење на трева на просторот околу и во селските гробишта во с.Габрово, с.Град, с.Вирче и с.Тработивиште;

- Чистење и косење на трева во централното селко подрачје во с.Тработивиште.

- Косење на трева со тримерки во с.Разловци (просторот околу основното училиште "Климент Охридски", дворот на црквата "Св. Цар Константин и Царица Елена и просторот околу Спомен-домот "Разловечко Востание").

- Поставување знамиња и натписи на летната бина за секој државен празник и секоја манифестација;

- Новогодишно украсување на градот.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА 2021

| Р.бр. | Опис на набавка | Количина | Вк.вредност во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Косилки (3 броја на рачни косилки- тримери, 1 број на самоодна моторна косилка | 4 | 108.400,00 |

**-Одржување на јавното улично осветлување**

ЈКП Брегалница-Делчево покрај другите дејности од јавен интерес врши и одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.

Во делокругот на оваа дејност реализирани се следните активности:

- Поради дотраеност на постоечките дрвени електрични столбови и поставување на нови бетонски столбови од страна на ЕВН дислоцирана е и постоечка инсталација и заменет обичен Al - кабел од 16мм2 и 25мм2 со самоносечки кабел (СКС 2x16мм2) во должина од околу 3500м1 во градот Делчево и сите села од општината;

- Поставени се околу 30 нови канделабри во градот и селата со LED светилки од 24W.

- Извршена е редовна замена на околу 600 улични светилки како и редовна замена на парковски светилки со LED светилки од 15W.

- Поставена е нова линија на ул.М.Тито (од касарна до Таушанско маало) во должина од 200м1 со поставување на 4 нови канделабри;

- Поставување на нова линија со подземна инсталација, осигурувачи, канделабри, светилки во мини парк спроти трла, и парк кај Жито маркет и градска фонтана;

- Поставување на нова линија од СКС кабел 4x16мм во должина од 240м1 кај нов градски пазар;

- Поставување на инсталација за видео надзор во парковите;

- Пуштање и поврзување на доводен кабел СКС 4x16мм2 и сервисирање на главна разводна табла во детска градинка во с.Разловци;

- Замена на систем за улично осветлување на ООУ Св.Климент Охридски замена на улични светилки во училишниот двор;

- Поставување на рефлектори на училишните игралишта во с.Трaботивиште (4 броја) и во с.Габрово (2 броја);

- Вршено е редовно сервисирање и одржување на семафорите со замена на дотраени со нови 100w светилки со волфрамово влакно.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП БРЕГАЛНИЦА ДЕЛЧЕВО ЗА 2021 ГОД

## 1. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНА СМЕТКА

Годишната сметка е подготвена во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РСМ бр.159/09, 64/10 и 107/11 кои се применуваат во РСМ согласно законот за трговски друштва (Службен весник на РСМ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 48/10, 24/11). Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар.

Просечниот број на вработени во ентитетот заклучно со 31/12/2021 год. изнесува 84.

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Поважни користени сметководствени политики се следните:

1. **Нематеријални средства** евидентирани во годишната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување. Евидентирањето на амортизацијата на нематеријалните средства (книговодствен софтвер) е засновано на нивниот кристен век. Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век. Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век и се амортизирани по стапка од 20% на годишно ниво.
2. **Материјалните средства** (Недвижностите, постројките и опремата) се презентирани според нивната набавна вредност намелена за акумулираната амортизација. Акумулираната амортизавија е пресметана со примена на пропорционалниот метод за периодите на корисен век на средствата со примена на следните стапки:
   а) Згради (високо ниска градба) ............... 2.5%
   б) Моторни возила ....................................... 25%
   в) Компјутери ............................................. 25%
   г) Мебел и опрема ...................................... 10-25%
3. **Паричните средства и паричните еквиваленти** се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарската благајна.
4. **Побарувањата од купувачите** се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања.
5. **Приходите од продажба** се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е лримен или се побарува. Приходите се прикажани пофактурна вредност намалена за попусти и данокот на додадена вредност

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ:**

ЈКП Брегалница - Делчево во своето работење за 2021 година оствари негативен финансиски резултат односно **загуба од 840.950,00 денари.**

# ПРИХОДИ

**Вкупните приходи од работењето во 2021г. изнесуваат 47.843.246,00 денари**

| Р.б. | ПРИХОДИ | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода за пиење –физички и правни лица | 18.129.384 | 17.112.153 |
| 2 | Приходи од канализација-физички и правни лица | 5.980.995 | 5.471.244 |
| 3 | Приходи од фактурирање на смет | 11.981.189 | 11.582.121 |
| 4 | Приходи од приклучок на водовод | 317.686 | 209.190 |
| 5 | Приходи од магацин | 23.040 | 55.984 |
| 6 | Приходи од резервации | 5.200 | 5.200 |
| 7 | Плакање на целокупната обврска по долг за погребни услуги | 0 | 7.140 |
| 8 | Приходи од управување со гробишта | 132.110 | 161.742 |
| 9 | Приходи од водомери | 125.860 | 205.852 |
| 10 | Приходи од радиомодули | 0 | 6.525 |
| 11 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 133.500 | 97.500 |
| 12 | Приходи од гробна такса | 716.200 | 707.340 |
| 13 | Приходи од ново гробно место | 299.813 | 232.414 |
| 14 | Приходи од машинско сечење на асфалт | 2.000 | 0 |
| 15 | Приходи од такса од полигон за полагање | 124.180 | 60.772 |
| 16 | Приходи од пазарна такса | 1.193.469 | 959.321 |
| 17 | Приходи од дозвола за влез во градски гробишта | 264.000 | 273.000 |
| 18 | Приходи од доплата за резервирано гробно место | 0 | 17.485 |
| 19 | Приходи од одржување на паркови И зеленило | 665.723 | 628.313 |
| 20 | Приходи од закупнина | 51.000 | 45.906 |
| 21 | Приходи од одржување на јавна чистота | 1.925.002 | 1.899.380 |
| 22 | Приходи од раздвојување на приклучок на водоводна мрежа | 4.800 | 0 |
| 23 | Приходи од сечење на асфалт по одобрение од елс | 750 | 0 |
| 24 | Приходи по основ на сопствени услуги | 1.924.998 | 1.899.380 |
| 25 | Приходи од вишоци по попис | 1.360 | 383 |
| 26 | Приходи од минати година | 324.776 | 332.600 |
| 27 | Приходи од дрѓавни подршки,донации,субвенции | 1.960.016 | 2.626.933 |
| 28 | Приходи од наплатени судски трошоци | 9.818 | 3.569 |
| 29 | Вонредни приходи | 4.916 | 7.086 |
| 30 | Останати приходи од работењето | 13.176 | 733 |
| 31 | Дополнителни приходи од минати години-градежни објекти | 40.676 | 40.676 |
| 32 | Приходи од разбивање на бетонска плоча со ископ и транспорт | 1500 | 0 |
| 33 | Приходи од нотарски трошоци | 0 | 900 |
| 34 | Приходи по основ на камати по видување | 74 | 89 |
| 35 | Приходи од машински ископ на канализационен ров | 52.125 | 28.120 |
| 36 | Приходи од затезни камати од работење со неповрзани субјекти | 265.162 | 200.698 |
| 37 | Приходи од канализација-ел. сајла | 46.270 | 39.271 |
| 38 | Приходи од одржување на граничен премин Делчево | 885.802 | 792.790 |
| 39 | Приходи од сечење на асфалт со моторна пила | 1.500 | 0 |
| 40 | Приходи од рачно откопување на подземни инсталации | 0 | 9.775 |
| 41 | Приходи од набавка и поставување ситен песок околу пе црево | 0 | 1.800 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 42 | Приходи од набавка и уградување на водоводни фасонски делови | 0 | 1.683 |
| 43 | Приходи од машинско штемање на шахти | 0 | 3.000 |
| 44 | Приходи од рачно планирање на каналски ров | 0 | 2.300 |
| 45 | Приходи од изработка на водомерна шахта од бетонски блок | 0 | 16.500 |
| 46 | Приходи од монтажа на пек дн 315 | 0 | 50.800 |
| 47 | Приходи од празнење на септичка јама | 0 | 4.000 |
| 48 | Приходи од користење на градска капела | 235.176 | 36.000 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ** | **47.843.246** | **45.837.668** |

## РАСХОДИ

**Вкупните расходи од работењето во 2021г.изнесуваат 48.684.196,00 денари**

| Конто | Назив на конто | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали и суровини | 1.140.011 | 964.929 |
| 401 | Трошоци за материјали | 230.891 | 214.993 |
| 402 | Потрошена електрична енергија,мазива | 4.497.758 | 3.700.896 |
| 404 | Потрошени резервни делови | 296.904 | 997.661 |
| 407 | Отпис на ситен инвентар-автогуми | 241.598 | 228.489 |
| 411 | Поштенски телефонски услуги | 134.835 | 110.696 |
| 412 | Трошоци за надворешни услуги | 0 | 6.938 |
| 413 | Трошоци за одржување | 297.673 | 397.661 |
| 415 | Трошоци за комунални услуги-ј.чистота | 2.024.450 | 1.996.949 |
| 417 | Трошоци за реклама, пропаганда промоција | 0 | 23.056 |
| 419 | Останати услуги | 3.122.210 | 3.953.683 |
| 420 | Вкалкулирани бруто плати | 27.696.496 | 26.711.215 |
| 422 | Надоместок за тех.вишок,останати трошоци | 2.091.529 | 137.600 |
| 430 | Трошоци за амортизација-гр.дел и опрема | 2.710.752 | 2.624.756 |
| 432 | Трошоци за амортизација-патнички и транспортни возила | 2.373.107 | 1.551.402 |
| 440 | Дневници за службено патување во земјата | 2.800 | 18.766 |
| 442 | Трошоци за управен и надзорен одбор | 54.653 | 27.993 |
| 443 | Трошоци за спонзорство/донации | 9.333 | 9.458 |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 153.402 | 147.094 |
| 446 | Банкарски услуги | 248.438 | 165.406 |
| 447 | Данок на имот,административни такси | 18.643 | 3.600 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 736.205 | 619.492 |
| 469 | Останати расходи од работењето | 520.245 | 53.059 |
| 474 | Трошоци за камати по кредити од банки, фин.лизинг | 16.298 | 10.271 |
| 479 | Камати за ненавремено платен ј.давачки | 198 | 369 |
| 703 | Набавна вредност на продадени материјали | 65.767 | 137.425 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **48.684.196** | **44.813.857** |

# ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА
## (заклучно со 31/12/2021)

**Фактурирано/Наплатено**
**-ДОМАЌИНСТВА**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Домакинства | 01/2021 | 2.444.552 | 2.319.054 | 94% | 125.498 |
| Домакинства | 02/2021 | 2.445.524 | 2.298.004 | 94% | 147.520 |
| Домакинства | 03/2021 | 2.447.224 | 2.298.006 | 94% | 149.218 |
| Домакинства | 04/2021 | 2.513.120 | 2.340.974 | 93% | 172.146 |
| Домакинства | 05/2021 | 2.559.253 | 2.366.911 | 92% | 192.324 |
| Домакинства | 06/2021 | 2.615.925 | 2.402.849 | 92% | 213.076 |
| Домакинства | 07/2021 | 2.835.131 | 2.579.581 | 91% | 255.550 |
| Домакинства | 08/2021 | 3.429.781 | 3.026.768 | 88% | 403.013 |
| Домакинства | 09/2021 | 3.064.563 | 2.612.176 | 85% | 452.387 |
| Домакинства | 10/2021 | 2.792.975 | 2.258.817 | 81% | 534.158 |
| Домакинства | 11/2021 | 2.604.001 | 1.793.417 | 69% | 810.584 |
| Домакинства | 12/2021 | 2.504.762 | 249.443 | 10% | 2.255.319 |
| **ВКУПНО** | | **32.256.818** | **26.546.006** | **82%** | **5.710.812** |

**Фактурирано/Наплатено**
**ПРАВНИ ЛИЦА**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Правни лица | 01/2021 | 586.144 | 539.631 | 92% | 46.513 |
| Правни лица | 02/2021 | 573.581 | 516.012 | 90% | 57.569 |
| Правни лица | 03/2021 | 549.767 | 487.787 | 89% | 61.980 |
| Правни лица | 04/2021 | 539.159 | 483.721 | 90% | 55.438 |
| Правни лица | 05/2021 | 575.058 | 515.060 | 89% | 59.998 |
| Правни лица | 06/2021 | 613.626 | 551.747 | 90% | 61.879 |
| Правни лица | 07/2021 | 621.985 | 530.486 | 85% | 91.499 |
| Правни лица | 08/2021 | 681.931 | 577.733 | 85% | 104.198 |
| Правни лица | 09/2021 | 657.903 | 529.628 | 80% | 128.275 |
| Правни лица | 10/2021 | 629.976 | 489.224 | 77% | 140.752 |
| Правни лица | 11/2021 | 616.197 | 385.911 | 63% | 230.286 |
| Правни лица | 12/2021 | 622.111 | 19.131 | 3% | 602.980 |
| **ВКУПНО** | | **7.267.444** | **5.626.077** | **77%** | **1.641.367** |

**Фактурирано/Наплатено**

**ГРАДСКИ ПАЗАР**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Градски пазар | 01/2021 | 69.402 | 65.122 | 93% | 4.280 |
| Градски пазар | 02/2021 | 66.478 | 61.522 | 93% | 4.956 |
| Градски пазар | 03/2021 | 70.928 | 65.971 | 93% | 4.957 |
| Градски пазар | 04/2021 | 104.742 | 98.768 | 94% | 5.974 |
| Градски пазар | 05/2021 | 106.267 | 98.259 | 92% | 8.008 |
| Градски пазар | 06/2021 | 107.792 | 98.005 | 91% | 9.787 |
| Градски пазар | 07/2021 | 110.588 | 99.022 | 89% | 11.566 |
| Градски пазар | 08/2021 | 109.826 | 95.717 | 87% | 14.109 |
| Градски пазар | 09/2021 | 110.207 | 90.633 | 82% | 19.574 |
| Градски пазар | 10/2021 | 108.682 | 75.378 | 69% | 33.304 |
| Градски пазар | 11/2021 | 106.394 | 61.522 | 58% | 44.872 |
| Градски пазар | 12/2021 | 99.530 | 39.658 | 40% | 59.872 |
| **ВКУПНО** | | **1.170.840** | **949.583** | **81%** | **221.257** |

**Забелешка:**

Искажаниот финансиски резултат-загуба во финансиските извештај за 2021 год. е резултат на сметководственото евидентирање на обврската за исплата на трошоците поврзани со работа(регрес и новогодишен надоместок за периодот 2018-2020 год) во деловните книги на претпријатието согласно спогодбата за регулирање на начинот на исплата за овие трошоци склучена на 12.11.2021 год.

Согласно меѓународните сметководствените стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Р.Македонија евидентирањето во сметководствена евиденција на обврската за исплата на трошоците поврзани со работа(регрес и новогодишен надоместок) по оваа спогодба е направено на 12.11/2021 год на датумот кога е потпишана спогодба,независно од тоа што исплатата е регулирана да се изврши на 12 рати.

**Вкупно вкалкулирани трошоци по основ на оваа спогодба се:**

-Регрес за годишен одмор 2018 =354.997 ден.
-Регрес за годишен одмор 2019 =354.997 ден.
-Регрес за годишен одмор 2020 =404.996 ден.
-Новогодишен надомест за 2018 =118.357 ден.
-Новогодишен надомест за 2019 =118.357 ден.
-Новогодишен надомест за 2020 =134.999 ден.

**ВКУПНО: 1.486.703 ,00 денари**

18.03.2022 год.
Делчево

ЈКП Брегалница-Делчево
Директор
Стојче Стојковски

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево